РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-429/
19-08-2025 г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на ден 15.08.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот под број 12-2848/1 од 05.11.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за непостапување на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за подрачје на Општина -------- -Скопје по предмет со број ДН.бр.-------- од 27.12.2007 година, оформен по Барање за денационализација на недвижен имот запишан во КП.бр.12350, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапува друг надлежен орган.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Судскиот Совет на РСМ.

Предметот со број 12-2848/1 од 05.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет со број 12-2848/1 од 05.11.2024 година, оформен по пријава, во која познат подносител укажува на непостапување на Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за подрачје на Општина -------- -Скопје по предмет заведен со број ДН.бр.----------- од 27.12.2007 година, оформен по Барање за денационализација на недвижен имот запишан во КП.бр.-- ---------градежно земјиште во површина од 2880м2 во КО Скопје, поднесено од негова страна.

Видно од донесената Пресуда ----------- година на Управниот Суд на РСМ од ден 11.04.2023 година, тужбата на тужителот била уважена, Решението за денационализација Д.Н.бр.-------------- од 24.11.2021 година донесено од Министерот за финансии-Комисија за одлучување по барања за денационализција за општините Чаир, Гази Баба, Куманово, Кратово и Крива Паланка, кое било поништено и на истата и било наложено да донесе нов управен акт. Во пријавата подносителот наведува дека и после поминати две години сеуште не било постапено, поради што бил принуден да се обрати до Врховниот суд на РСМ со барање заведено под ПСРРУ бр.-------------

Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Министерството за финансии-Комисија за одлучување по барања за денационализција за општините Чаир, Гази Баба, Куманово, Кратово и Крива Паланка, од каде побара да доставуваат информација дали се преземени активности по донесувањето на споменатата Пресуда од Управниот суд и доколку не е постапено кои се причините за тоа.

На ден 20.02.2025 година до ДКСК доставено е Известување од Министерството за финансии-Комисија за одлучување по барања за денационализција за општините Чаир, Гази Баба, Куманово, Кратово и Крива Паланка, во кое е наведено следното: На 05.03.2024 година, Комисијата за одлучување по барања за денационализција за општините Чаир, Гази Баба, Куманово, Кратово и Крива Паланка доставил Известување до Управниот суд-Скопје, во прилог на кое ги доставиле списите по предметот за денационализација заведен под ДН.бр.-------------- од 27.12.2007 година, со напомена дека постои грешка во пресудата У-2 бр.---------- од 11.04.2023 година, односно воведот и диспозитивот се однесува на решение ДН.бр.-------------- од 24.11.2021 година, додека образложението на решението се однесува на предмет за денационализација заведен под ДН.бр.--------------- од 27.12.2007 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапуваат друг надлежен орган-Управен Суд на РСМ, а дополнително пријавата ќе ја достави на надлежно постапување до Судскиот Совет на РСМ. Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Џ., Член на ДКСК